02-374/20
20.07.2020

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 25 став 1 точка 6 од Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип, а во врска со Решението за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/20), Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип на седницата одржана на 20.07.2020 година донесе

**ЦЕНОВНИК**

за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година

**Член 1**

Со овој ценовник се утврдува висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година.

**Член 2**

Цената на водната услуга на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението е вкупниот надомест кој ја вклучува тарифата за водната услуга и данокот на додадена вредност и по години изнесува:

- за 2021 година тарифата за водна услуга изнесува 4,78 ден/$м^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,24 ден/$м^3$, цената на сурова вода изнесува 5,02 ден/$м^3$;
- за 2022 година тарифата за водна услуга изнесува 4,71 ден/$м^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,24 ден/$м^3$, цената на сурова вода изнесува 4,95 ден/$м^3$ и
- за 2023година тарифата за водна услуга изнесува 4,69 ден/$м^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,23 ден/$м^3$, цената на сурова вода изнесува 4,92 ден/$м^3$.

**Член 3**

Со денот на отпочнувањето на примената на овој ценовник престанува да важи Ценовникот за висината на цената на сурова вода за водоснабдување на населението на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип бр.02-126/9 од 16.02.2018 година.

**Член 4**

Овој ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија и ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

Пробиштип
20.07.2020

Претседател на Управен одбор при ЈП ХС
Злетовица Пробиштип
Методија Кралевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА" Пробиштип

Образложение

Согласно член 13 став 1 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на РМ" бр.7/16), Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и критериумите, а во врска со поднесеното Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението за регулиран период 2021-2023 година, поднесено од Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип Пробиштип, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решение УП бр.08-37/20 од 22.05.2020 година.

Согласно членот 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и 25 став 1 точка 6 од Статутот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, Управниот одбор на претпријатието ги утврдува цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците.

Имајќи го во предвид горенаведеново Управниот одбор на седницата одржана на 20.07.2020 година донесе Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година бр.02-374/20 од 20.07.2020 година.